STATE AUDIT OFFICE

NAJWYŻSZA IZBA KONTROLI

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА PEER REVIEW[1]

## НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
## НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОД СТРАНА НА ВРХОВНАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА
## НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

***Преамбула***

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР)
и
Врховната канцеларија за ревизија на Република Полска (НИК)
(во понатамошниот текст заедно „Страните" или поединечно „Страната"),

***СО ЖЕЛБА*** *да ја зајакнат соработката заснована на Меморандумот потпишан меѓу Страните на 25 октомври 2023 година, особено насочена кон размена на искуства и добри практики по прашања од заеднички интерес,*

***ПРИДРЖУВАЈЌИ СЕ*** *до одредбите и основните принципи за спроведување на peer review (во понатамошниот текст Стручна проверка) во согласност со Упатството за peer review на INTOSAI GUID 1900 и други формати на соработка во кои се вклучени,*

***ВО СОГЛАСНОСТ*** *со важечките закони и прописи во нивните соодветни земји,*

***ИМАЈЌИ ПРЕДВИД*** *дека ДЗР е независна врховна ревизорска институција на Република Северна Македонија, која транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии,*

***ДОПРИНЕСУВАЈЌИ*** *за независноста, професионализмот, етиката и интегритетот на ДЗР да ги извршува своите задачи во согласност со законот и мандатот, обезбедувајќи постојано унапредување на објективноста и транспарентноста, инспирирајќи и иновирајќи и давајќи најдобар пример за заштита на јавниот интерес и постигнување висок степен на доверба на јавноста,*

*го* ***ПОСТИГНАА*** *следното разбирање:*

[1] Стручна проверка на квалитетот на работењето

## ЧЛЕН 1

***Цел на Стручната проверка***

Цел на Стручната проверка е да се изврши проценка на степенот на усогласеност на ДЗР со меѓународните ревизорски стандарди на INTOSAI (ISSAI) и да се обезбеди поддршка и препораки за подобрување во врска со: (i) независноста, (ii) управувањето со човечките ресурси, (iii) спроведувањето на методологиите за финансиска ревизија, ревизијата на усогласеност и ревизијата на успешност, вклучително и известувањето за ревизорските наоди и (iv) комуникацијата и активностите со засегнатите страни, како и додавање вредност за транспарентност, одговорност и подобрување на животот на граѓаните.

## ЧЛЕН 2

***Опфат и пристап на Стручната проверка***

Специфичните активности што треба да се спроведат ќе вклучуваат:

а) Проверка на независноста на ДЗР врз основа на тековната законска рамка и нацрт Законот за државна ревизија подготвен во рамки на Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“, заклучоци во врска со усогласеноста со релевантните ISSAI и поддршка за обезбедување целосна независност на ДЗР.

б) Проверка на процесот за управување со човечки ресурси во согласност со Стратегијата за развој на ДЗР, Стратегијата за управување со човечки ресурси и годишните плански документи, заклучоци во врска со усогласеноста со релевантните ISSAI и препораки за обезбедување квалификувани и мотивирани вработени за ефикасно функционирање.

в) Проверка на методологијата за финансиска ревизија, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност, заклучоци во врска со усогласеноста со релевантните ISSAI и препораки за подобрување.

г) Проверка на процесот на издавање ревизорски извештаи и комуникацијата и активностите со засегнатите страни врз основа на Комуникациската стратегија на ДЗР, со што се придонесува за транспарентност и одговорноста на јавните финансии и се прави разлика во животот на граѓаните, заклучоци во врска со усогласеноста со релевантните ISSAI и ефективноста на комуникациските практики и препораки за иновативни решенија во комуникацијата и активностите со засегнатите страни.

Тимот за Стручна проверка (повеќе детали во Член 4) ќе ја спроведе Стручната проверка преку интервјуа, проверка на документи и информации и евалуација на одговори на прашалници на лице место или на далечина.

Тимот за Стручна проверка ќе спроведе независна и објективна проверка во согласност со договорениот процес кој ги вклучува општо прифатените ревизорски принципи.

ДЗР, како цел на Стручната проверка, целосно ќе соработува со тимот за Стручна проверка во спроведувањето на Стручната проверка, обезбедувајќи ги сите документи, датотеки и информации потребни за спроведување на Стручната проверка, како и навремен пристап до поединци кои треба да бидат консултирани или интервјуирани на лице место.

**ЧЛЕН 3**
***Стандарди и критериуми за Стручната проверка***

Стручната проверка ќе се спроведува во согласност со Упатството за peer review на INTOSAI GUID 1900 и принципите, стандардите и упатствата од Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), како и согласно националните закони и регулативи.

**ЧЛЕН 4**
***Тим за Стручна проверка***

Тимот за Стручната проверка ќе биде составен од соодветно искусни претставници на Врховната канцеларија за ревизија на Полска. Тимот за Стручна проверка ќе биде одговорен за координација на активностите во соработка со претставници на ДЗР, како и за доставување на извештајот од Стручната проверка. Членовите на тимот за Стручната проверка ќе работат во согласност со прифатените стандарди за професионално однесување и практика, обезбедувајќи доверливост на сите документи и работни материјали. Тие ќе ја почитуваат доверливоста на сите забелешки и заклучоци додека не бидат целосно потврдени и одобрени за објавување.

**ЧЛЕН 5**
***Временска рамка и известување***

Стручната проверка ќе започне во мај 2024 година со предвидено траење од шест месеци (до октомври 2024 година). Подготовките за Стручната проверка ќе започнат во мај 2024 година. Тимот за Стручна проверка ќе развие план кој вклучува дизајн и методолошки пристап кој ќе се следи во процесот на Стручната проверка. Тимот за Стручна проверка ќе го дискутира планот со претставниците на ДЗР.

Извештајот за Стручната проверка ќе вклучува проценка во врска со целите на Стручната проверка, со извршно резиме со коментари за наодите, добрите практики на ДЗР и НИК, препораки за подобрување и поддршка на воспоставените добри практики. Се очекува нацрт извештајот да биде доставен до ДЗР најдоцна до 16 септември 2024 година. Претставниците на ДЗР ќе дадат коментари на нацртот во рок од две недели по добивањето на извештајот. Врз основа на коментарите на претставниците на ДЗР, тимот за Стручна проверка ќе достави ажурирана верзија на извештајот најдоцна до 14 октомври 2024 година. Потоа, претставниците на ДЗР ќе дадат нови коментари на нацрт извештајот во рок од една недела по добивањето на ажурираниот извештај, доколку има потреба. Финалниот извештај ќе биде доставен до Главниот државен ревизор на ДЗР најдоцна до 31 октомври 2024 година.

Нацрт и финалниот извештај ќе бидат доставени до ДЗР на англиски јазик, а ДЗР ќе го организира преводот на македонски јазик.

**ЧЛЕН 6**
***Административни аранжмани***

ДЗР ќе обезбеди на тимот за Стручна проверка канцелариски простор и ИТ опрема соодветна за нивната работа.

Потребните документи, одговори на прашања и информации ќе бидат обезбедени на англиски јазик.

ДЗР ќе обезбеди превод на состаноците на тимот за Стручна проверка.

ДЗР ќе ги организира и ќе ги плати сите разумни патни трошоци за членовите на тимот за Стручна проверка до Скопје и ќе ги обезбеди сите разумни услуги за спроведување на потребната работа на лице место. Разумните трошоци и услуги ќе вклучуваат:

- повратен авионски билет во економска класа до Скопје,
- хотелско сместување,
- локален превоз,
- оброци доколку се организирани од страна на ДЗР.

Дневниците за тимот за Стручна проверка ќе бидат обезбедени од НИК.

**ЧЛЕН 7**
***Обврски по известувањето***

Извештајот за Стручната проверка ќе биде сопственост на ДЗР. Тимот за Стручна проверка и ДЗР ќе ги споделуваат искуствата и наученото со цел да ги подобрат практиките за идни Стручни проверки.

ДЗР ќе одлучи за објавување на конечниот извештај од Стручната проверка на својата веб страна.

**ЧЛЕН 8**
***Финални одредби***

Овој Меморандум може да биде изменет во секое време со взаемна согласност и одобрување на Страните во писмена форма.

Овој Меморандум ќе стапи во сила по неговото потпишување од двете Страни.

Потпишан во два примероци, секој на македонски, полски и англиски јазик, при што сите текстови се подеднакво автентични. Во случај на спор меѓу Страните во врска со одредбите на овој Меморандум, англиската верзија ќе биде обврзувачка.

Потпишан во Kraków на 19.07.2024r.
(место) (датум)

**За Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија**

Републикa Северна Македонија • ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА • Скопје • 2 • Shkup • ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT • Republika e Maqedonisë së Veriut

..................................
**м-р Максим Ацевски**
**Главен државен ревизор**

Бр. 03-697/1
Дата: 19.07.2024

**За Врховната канцеларија за ревизија на Република Полска**

NAJWYŻSZA IZBA KONTROLI • 1 •

..................................
**Мариан Банаш**
**Претседател**